Врз основа на член 5 став 3, 4 и 5 од Законот за Јавни претпријатија (Сл.Весник на РМ 38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 64/18, 35/19, 275/19 и 89/22), и член 27 од Статутот на ЈП Градски Паркинг – Скопје, Управниот Одбор во рамки на своите права и овластувања на ден 25.10.2022 година ја донесе следнава:

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrje publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-714/4
25.10.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# **ОДЛУКА**

**за усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење наЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.07.2022 до 30.09.2022 год**

***Член 1***

Предмет на оваа Одлука усвојување на Тримесечен извештај со показатели за финансиското работење наЈП Градски паркинг Скопје за период од 01.07.2022 до 30.09.2022 год.

***Член 2***

Се задолжува Директорот на претпријатието горенаведениот Извештај да го достави до основачот и истиот да го објави на веб страната на претпријатието.

***Член 3***

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

ЈП Градски паркинг- Скопје
Скопје. 25.10.2022 година

УПРАВЕН ОДБОР НА
ЈП ГРАДСКИ ПАРКИНГ-СКОПЈЕ
Претседавач,
Марјан Спасески

Ј.П. ГРАДСКИ ПАРКИНГ СКОПЈЕ
N.P. Parkingu I Qyetit - Shkup

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë Së Veriut
Јавно претпријатие за јавни паркиралишта
Ndërmarrja publike për parkingje publike
ГРАДСКИ ПАРКИНГ - PARKINGU I QYTETIT
Бр.Nr. 02-714/4
25.10.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

# ТРИМЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ СО ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ЗА ПЕРИОД ОД 01.07.2022-30.09.2022 ГОДИНА

# ВОВЕД

За период 01.07.2022-30.09.2022 година ЈП Градски Паркинг- Скопје бележи негативен финансиски резултат – загуба на износ 6.503.788,00 денари.

Приходите заклучно претпоследното тромесечие изнесуваат 53.403.744,00 денари. Расходите се на износ 59.907.532,00 денари.

# БИЛАНС НА УСПЕХ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01 ЈУЛИ ДО 30 СЕПТЕМВРИ 2022 ГОДИНА

| **ПРИХОДИ – кл. 7** | **2022 година** | **2021 година** |
|---|---|---|
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА** | 49.939.484,00 | 47.483.089,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК** | 2.502.287,00 | 4.313.814,00 |
| | | |
| **ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА НА МАТЕРИЈАЛИ,РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И ОТПАД** | 6.120,00 | 0,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ПРИХОДИ** | 940.943,00 | 448.108,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ** | 14.910,00 | 0,00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **53.403.744,00** | **52.245.011,00** |
| **РАСХОДИ – кл.4** | 2022 година | 2021 година |
| | | |
| **ТРОШОЦИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ** | 5.382.196,00 | 2.406.912,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ** | 17.902.636,00 | 14.772.288,00 |
| **ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И** | | |
| **ДРУГИ ТРОШОЦИ НА ВРАБОТЕНИ** | 31.561.789,00 | 32.369.554,00 |
| | | |
| **ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА** | 3.388.226,00 | 2.815.898,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | 1.633.248,00 | 1.903.532,00 |
| | | |
| **ОСТАНАТИ РАСХОДИ** | 32.748,00 | 55.677,00 |
| | | |
| **ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ** | 6.689,00 | 142,00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ:** | **59.907.532,00** | **54.324.003,00** |

## ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ

| ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ | 2022 ГОДИНА | 2021 ГОДИНА |
|---|---|---|
| | | |
| **Вкупно приходи** | **53.403.744,00** | **52.245.011,00** |
| **Вкупно расходи** | **59.907.532,00** | **54.324.003,00** |
| Загуба | 6.503.788,00 | 2.078.992,00 |

# ПРИХОДИ

Приходите за период 01.07.2022 - 30.09.2022 година изнесуваат 53.403.744,00 денари односно, како што следи:

- Сектор Јавни паркиралишта 49.939.484,00 ден.
- Сектор Пајак 2.502.287,00 ден.
- Останати приходи 947.064,00 ден.
- Финансиски приходи 14.910,00 ден.

## ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА

Во рамки на Сектор Јавни паркиралишта реализирани се следните приходи:

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| **1. затворени паркинзи** | 16.563.712,00 | 15.087.798,00 | 1.475.914,00 | 1,10 |
| **2.зонско паркирање** | 28.202.473,00 | 27.523.814,00 | 678.659,00 | 1,02 |
| **3.катна гаража-Беко** | 3.203.130,00 | 2.936.760,00 | 266.370,00 | 1,09 |
| **4.катна гаража-26-ти Јули** | 1.970.169,00 | 1.934.717,00 | 35.452,00 | 1,02 |
| **Вкупно приходи:** | **49.939.484,00** | **47.483.089,00** | **2.456.395,00** | **1,05** |

Во споредба со минатата година, вкупните приходи кај Сектор Јавни паркиралишта се зголемени севкупно за 2.456.395,00 денари .

Кај затворените паркинзи приходите се зголемени за 1.475.914,00 денари.

Кај зонското паркирање бележиме зголемување на приходите за 678.659,00 денари. Порст на приходите во рамките на зонското паркирање бележиме кај претплатите за паркирање, кај доплатните карти и кај продажбата на греб картичките.

Катната гаража „Беко“ има реализирано приходи во висина од 3.203.130,00 денари додека пак катната гаража „26-ти Јули“ бележи приходи на износ од 1.970.169,00 денари. Во споредба со минатата година, приходите од стопанисување со катната гаража „Беко“ се зголемени за 266.370,00 денари, додека кај катната гаража „26-ти Јули“ приходите се зголемиле за 35.452,00 денари.

Катната гаража „Беко“ бележи поголеми приходи во споредба со катната гаража „26-ти Јули“ заради својата местоположба односно, локација во строгиот центар на градот.

## *ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК*

| ПРИХОДИ ОД СЕКТОР ПАЈАК | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| 1. дневен промет | 2.483.643,00 | 4.308.306,00 | -1.824.663,00 | 0,58 |
| 2.фактурирана услуга | 18.644,00 | 5.508,00 | 13.136,00 | 3,38 |
| **Вкупно приходи :** | **2.502.287,00** | **4.313.814,00** | -1.811.527,00 | 0,58 |

Вкупно остварен нето приход во Сектор Пајак изнесува 2.502.287,00 денари и е помал во споредба со минатата година за 1.811.527,00 денари. Севкупно наплатени се 1.856 возила вклучително визилата подигнати од зонско паркирање . Во истиот период од минатата година, реализиран е приход на износ 4.313.814,00 денари .Минатата година бројот на наплатени возила во сектор пајак изнесувал 2.550 возила.

Падот на приходот кај овој сектор се должи на намален број налози издадени од страна на МВР во врска отстранување на непрописно паркирани возила.

## *ОСТАНАТИ ПРИХОДИ*

| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2022 година | 2021 година | РАЗЛИКА | ИНДЕКС |
|---|---|---|---|---|
| Од продажба на расход - хартија | 6.120,00 | - | 6.120,00 | - |
| од отпишани побарувања и обврски | 12.753,00 | 6.230,00 | 6.523,00 | 2,05 |
| од субвенции дадени во опрема | 367.902,00 | 376,902,00 | -9.000,00 | 0,98 |
| Од донации | 230.100,00 | - | 230.100,00 | - |
| од наплатени судски трошоци | 17.591,00 | 43.108,00 | -25.517,00 | 0,41 |
| од наплата на штети | 9.986,00 | - | 9.986,00 | - |
| др.надомест,вонред.приходи,мин.години | 302.611,00 | 21.868,00 | 280.744,00 | 13,84 |
| **Вкупно приходи :** | **947.063,00** | **448.108,00** | **498.956,00** | **2,11** |

Во групата останати приходи која изнесува 947.063,00 денари спаѓаат приходи од наплата на тужени побарувања, приходи од субвенции, донации, приходи од наплата на штети,од наплата на судски трошоци итн.Се забележува дека приходите се двојно зголемени во споредба со минатата година а тоа зголемување се должи на добиена донација во вредност од 230.100,00 денари која се однесува на 78 метални столбни канти со пепелник наменети

за потребите на катните гаражи. Донацијата беше реализацирана во соработка со Градот Скопје и компанијата Пакомак . Исто така бележиме зголемување и кај вонредните приходи кои во најголем дел се должат на наплата на адвокатски трошоци.

Во рамките на оваа група приходи евидентирани се следните:

Приходи од продажба на хартија 6.120,00, приходи од отпишани побарувања и обврски 12.753,00 денари; приходи од субвенции во опрема на износ 367.902,00 денари евидентирани во согласност со МСС стандарди; приходи од донации дадени во опрема 230.100,00 денари,приходи од судски трошоци 17.591,00 денари приходи од наплата на штети 9.986,00 денари, приходи од други надоместоци по спогодба за блокатори 12.768,00 како и вонредни приходи на износ 289.843,00 денари од кои најголемиот дел на износ од 180.717,00 денари отпаѓаат на приходи од наплата на адвокатски трошоци .

### *ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ*

Во оваа група спаѓаат приходи по основ камата, позитивни курсни ралики и слично. За периодот бележиме приходи на износ 14.910,00 денари.

# *РАСХОДИ*

Расходите за период 01.07.2022-30.09.2022 се на износ 59.907.532,00 денари.

### *ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ*

| **опис** | **2022 година** | **2021 година** | **разлика** | **Индекс** |
|---|---|---|---|---|
| **Потрошни помош.материјали и с-ва за чистење** | 39.180,00 | 44.611,00 | -5.431,00 | 0,88 |
| **Канц.матер.,фискал.бар код ролни, чип и греб картички** | 729.719,00 | 497.227,00 | 232.492,00 | 1,47 |
| **ел.енергија,парно** | 3.650.993,00 | 766.425,00 | 2.884.568,00 | 4,76 |
| **гориво и масло за подмачкување** | 725.702,00 | 704.455,00 | 21.247,00 | 1,03 |
| **Отпис на сит.инвент.авто гуми во употреба и ХТЗ опрема** | 236.602,00 | 394.194,00 | -157.592,00 | 0,60 |
| **вкупно:** | **5.382.196,00** | **2.406.912,00** | **2.975.284,00** | **2,24** |

Материјалните трошоци изнесуваат 5.382.196,00 денари. Во оваа група трошоци се евидентираат трошоците за потрошни материјали и средства за чистење 39.180,00 ден.; канцелариски материјали , фискални и бар код ролни, чип и греб картички 729.719,00 ден.;

трошоци за електрична енергија ,парно 3.650.993,00 ден.; гориво 725.702,00 ден. , како и трошпоците за ситен инвентар, ХТЗ опрема и авто гуми 236.602,00 ден.

Од прегледот се забележува дека пораст на оваа група трошоци се должи на зголемните трошоци за електрична енергија што пак е последица на порастот на цената на електричната енергија како резултат на енергетската криза.

## ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

| Опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **Поштенски,телефонаки услуги и интернет** | 561.969,00 | 429.216,00 | 132.753,00 | 1,31 |
| **Услуги за тековно одржување** | 6.081.172,00 | 5.179.883,00 | 901.289,00 | 1,17 |
| **Тршоци за наем** | 814.150,00 | 898.357,00 | -84.207,00 | 0,91 |
| **Комунални услуги** | 792.609,00 | 956.198,00 | -163.589,00 | 0,83 |
| **Останати услуги** | 202.611,00 | 189.205,00 | 13.406,00 | 1,07 |
| **Останати непроизводствени услуги** | 4.190.871,00 | 4.251.375,00 | -60.504,00 | 0,99 |
| **Останати услуги - времени вработувања** | 5.259.254,00 | 2.868.054,00 | 2.391.200,00 | 1,83 |
| **вкупно:** | **17.902.636,00** | **14.772.288,00** | **3.130.348,00** | **1,21** |

Во оваа група на трошоци спаѓаат: трошок за ПТТ услуги, телефон, електронски комуникации, трошоци за тековно одржување на материјални и нематеријални основни средства и ситен инвентар, градежни работи и бележење, трошоци за изработка на информативни табли, наем, комунални услуги, транспорт на пари, администрирање на системот за зонско паркирање како и трошок за времени вработувања.

Евидентирани се трошоци на износ 17.902.636,00 денари односно, бележиме зголемување на трошоците за 3.130.348,00 денари во споредба со 2021 година .

Во рамките на оваа група трошоци се забележува пад на одделни трошоци а кај други трошоци бележиме зголемување. Зголемување на трошоците се забележува кај времените вработувања како и кај услугите за тековно одржување на опремата на претпријатието.

## ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА И ДРУГИ ТРОШОЦИ

| опис | 2022 година | 2021 година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| **вкалкулирани плати** | 31.435.725,00 | 32.165.525,00 | -761.332,00 | 0,98 |
| **отпремнина** | 126.064,00 | 172.497,00 | -46.433,00 | 0,73 |
| **јуб.награди за 10 год.стаж** | - | - | - | - |
| **помош на вработени** | - | 31.532,00 | -31.532,00 | - |
| **вкупно:** | **31.561.789,00** | **32.401.086,00** | **-839.297,00** | **0,97** |

Трошокот за плати и надоместоци од плата на вработените изнесува 31.561.789,00 ден. и е помал во споредба со минатата година за 839.297,00 денари како резултат на помал број вработени во споредба со истиот период на минатата година.

По основ отпремнина за пензија евидентиран е трошок на износ од 126.064,00 ден. за 2 лица кои оствариле право на старосна пензија. Во извештајниот период не се евидентирани трошоци по основ на јубилејни награди и помош за вработените.

## *АМОРТИЗАЦИЈА*

Трошокот за амортизација изнесува 3.388.226,00 денари и е поголем во спредба со минатата година за 572.328,00 денари кога истиот изнесувал 2.815.898,00 денари.

## *ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ НА РАБОТЕЊЕ*

| ОПИС | 2022 година | 2021година | разлика | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| др.надоместоци на вработени,обуки исл. | 2.895,00 | 85.904,00 | -83.009,00 | 0,03 |
| хонорари на управен и надзорен одбор | 466.671,00 | 493.338,00 | -26.667,00 | 0,95 |
| репрезентација | 48.709,00 | 59.876,00 | -11.167,00 | 0,81 |
| Трошоци за спонзорство | 3.000,00 | 5.840,00 | 2.840,00 | 0,51 |
| трошоци за осигурување | 8.236,00 | 101.687,00 | -93.451,00 | 0,08 |
| банкарски провизии | 173.066,00 | 107.483,00 | 65.583,00 | 1,61 |
| трош за ДДВ,членарини и адм.такси | 620.219,00 | 723.454,00 | -103.235 | 0,86 |
| користење права | 57.630,00 | 0,00 | 57.630,00 | - |
| Останати трошоци на работењето | 252.822,00 | 325.950,00 | -73.128,00 | 0,78 |
| вкупно: | **1.633.248,00** | **1.903.532,00** | **-270.284,00** | **0,86** |

Во групата „останати трошоци на работење" евидентирани се трошоци на износ 1.633.248,00 денари и истите се за 270.284,00 денари помали од минатата година.

Во групата спаѓаат следните трошоци:надоместоци за вработените 2.895,00 денари, надоместоци на органите на управување 466.671,00 денари, репрезентација 48.709,00 денари, надомест за практиканство 3.000,00 денари ; осигурување 8.236,00 денари, банкарски провизии 173.066,00 денари, трошок за ДДВ и административни такси 620.219,00 денари, трошоци за користење на права односно, набавка на лиценци за работа на компјутери 57.630,00 денари како и останати трошоци на работење-група во која

евидентирани се трошоци во вкупен износ од 252.822,00 денари а во која спаѓаат трошоците за правно-адвокатски-нотарски услуги 126.990,00 ден.; трошоци за превод, 19.096,00 денари и трошоци за огласување 106.736,00 денари.

## *ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА*

Не се евидентирани во извештајниот период трошоци по овој основ.

## *ОСТАНАТИ РАСХОДИ*

Во оваа група, евидентирани се трошоци во вкупен износ од 32.748,00 денари и истите се однесуваат на трошоци за одобренија по рекламации.

## *ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ*

Во рамки на финансиски расходи бележиме трошок на износ 6.689,00 денари кој отпаѓа на казнена камата за задоцнето плаќање на обврски по основ електрична енергија и телефонски услуги.

## *ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ ОД БИЛАНСОТ НА СОСТОЈБА*

Во третиот квартал од годината односно во периодот 01.07.2022-30.09.2022 година вложени се средства за набавка на десет дигитални уреди за потребите на зонско паркирање на износ од 220.760,00 денари, две клима уреди 69.300,00 , дувалка за лисја 20.754,00 денари, четири фискални печатари 49.266,00 денари, батериска хилта 19.799,00 денари, ХТЗ опрема во вредност од 1.090.840,00 денари итн.

## *ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА*

Парични средства на трансакциските сметки со кои располага претпријатието збирно на 30.09.2022 година како и девизната сметка, благајна и виза картичка изнесува 19.677.738,00 денари.

Евидентирани се побарувања од купувачи на износ 44.445.115,00 денари како и нивна наплата на износ од 42.528.870,00 денари. Ненаплатени побарувања од купувачи изнесуваат 1.916.245,00 денари. Нивна наплата се врши тековно во наредните пресметковни периоди.

## *ОБВРСКИ*

Евидентирани се обврски кон добавувачи на износ 28.162.706,00 денари додека пак плаќања се извршени по обврски во вкупен износ од 29.817.940,00 денари.

Обврската за комунална такса за тримесечниот период изнесува 5.066.907,00 денари.
Претпријатието има извршено плаќање на обврската на износ 7.563.743,00 денари.

# ЗАКЛУЧОК

Во изминатот период во претпријатието беа превземени низа активности со цел зголемување на оперативните приходи односно приходите од паркирање и приходите од подигање на непрописно паркирани возила. Приходите од паркирање се зголемени како кај затворените јавни паркиралишта така и кај зонското паркирање и покрај тоа што имавме намалување на цените на услугите. Приходите од сектор пајак се намалени од причина што е намален бројот на налози за отстранување на непрописно паркирани возила кои ги издава Министерството за внатрешни работи .
Претпријатието во третиот квартал по основ Обврска за комунална такса изврши плаќање кон Град Скопје на износ 7.563.743,00 денари.

Претпријатието успева навремено да ги подмирува тековните обврски како што се: обврски кон добавувачите, даночните обврски, оврските кон вработените за плати и придонеси итн. Но, сметаме дека обврската за комунална такса како и трошокот за електрична енергија предизвикан од зголеувањето на цените на електрична енергија претставува сериозна закана по ликвидноста на претпријатието бидејќи сериозно фианнсиски го оптоварува. Очекуваме во периодот што следи дека во соработка со Градоначалникот и основачот – Градот Скопје ќе имаме поддршка за надминување на гореспоменатите потешкотии.

*ИЗРАБОТИЛ:*
Катерина Палитова

ЈП Градски Паркинг- Скопје
В.Д Директор,
Крсте Петревски